# 4 КЛУЧНИ ПРАШАЊА ЗА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ВО ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА



Што?




Зошто?

Како?





Колку?

Техничка помош на Министерството за финансии
за развој на внатрешната ревизија
Проект финансиран од ЕУ и раководен



**ПОЧИТУВАНИ ГРАДОНАЧАЛНИЦИ,**

За успешна транзиција кон пазарна економија и фискално реструктуирање на централно и локално ниво потребно е развивање на добар финансиски менаџмент во јавниот сектор. Поради тоа се наметнува потребата од создавање на модерни институции и зајакнување на менаџерските способности и капацитети.

Досегашните анализи укажуваат на слабости во системот на финансиски менаџмент особено во подготовката, извршувањето и опфатот на буџетите, функционирањето на јавните претпријатија, спроведувањето на јавните набавки и друго.

Во услови на ограничени ресурси од особена важност е да се подобри системот за финансиски менаџмент со цел да се обезбеди максимален квалитет на услугите кои ги добиваат граѓаните.

Модерната внатрешна ревизија, од внатрешни извори, обезбедува добро информирана и објективна оценка за добрите страни и слабостите на системот за финансиски менаџмент. Таа обезбедува дијагноза на проблемите и истовремено дава совети за нивно решавање. Воспоставувањето на внатрешната ревизија придонесува за зголемување на финансиската одговороност и постигнување на подобри резултати во работењето. Внатрешната ревизија ги анализира ризиците кои се резултат на влијанијата од околината, или уште почесто, на нефункционирањето на внатрешните контроли.

Децентрализацијата во услови на неизграден ефективен систем на внатрешни контроли може да доведе до нарушување на долгорочниот интегритет на единиците на локалната самоуправа.

Имајќи го ова предвид, Министерството за финансии дава висок приоритет на воспоставувањето и доброто функционирање на единиците за внатрешна ревизија во општините.

Трајко Спасовски
*Раководител на Секторот за централна внатрешна ревизија*
*Министерство за финансии*

# ШТО
## Е ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА?

Целта на внатрешната ревизија е да:

- ги прегледа воспоставените процедури за да осигура усогласеност со законите и регулативите;
- ги идентификува проблемите и да дава препораки за нивно решавање;
- да осигура дека системите за контрола се воспоставени и функционираат.



**ВНАТРЕШНИОТ РЕВИЗОР Е МОЈ СОВЕТНИК**

*Бидејќи*

Тој / таа ми дава препораки кои ја подобруваат секојдневната работа на мојата општина.

| | |
|---|---|
| **ПОГРЕШНО** | ВНАТРЕШНИТЕ РЕВИЗОРИ СЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ САМО ЗА СМЕТКОВОДСТВОТО |
| **ТОЧНО** | Внатрешните ревизори ги прегледуваат различните процеси во општината, на пример управувањето со човечките ресурси, јавните набавки и контролните системи со цел да ги оцени контролните механизми. |

# ЗОШТО

## МИ Е ПОТРЕБЕН ВНАТРЕШЕН РЕВИЗОР?

- Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор предвидува формирање на единици за внатрешна ревизија во единиците на локална самоуправа;
- Ова е така бидејќи внатрешната ревизија обезбедува подобро управување со јавните услуги на начин кој најдобро ги задоволува потребите на граѓаните;
- Внатрешната ревизија придонесува за мудро и економично користење на јавните фондови.




### ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА МИ ПОМАГА ДА ДОНЕСАМ ОДЛУКА

*Бидејќи*

Ми дава опции за решавање на конкретен проблем, на пример подобрување на услугите за граѓаните преку обука на персоналот, зголемување на транспарентноста или воведување на писмени процедури.

**ПОГРЕШНО** ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА Е САМО УШТЕ ЕДНО ИМЕ ЗА НАДВОРЕШНА КОНТРОЛА

**ТОЧНО** Надворешната ревизија во јавниот сектор е одговорна пред Парламентот и на тој начин и служи на јавноста, внатрешната ревизија и служи на институцијата во која функционира. Внатрешниот ревизор е вработен во општината и е одговорен директно пред градоначалникот и Советот.

# КОЛКУ

## ЧИНИ ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА?

Подобрените процеси во јавните набавки ќе предизвикаат значително намалување на трошоците. Поради тоа ефикасната внатрешна ревизија создава висок поврат на инвестициите.



**ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА Е ИНВЕСТИЦИЈА ВО ИДНИОТ РАЗВОЈ НА МОЈАТА ОПШТИНА**

*Бидејќи*

Општина која добро функционира, полесно привлекува инвестиции и меѓународни донаторски фондови.

**ПОГРЕШНО** ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ЧИНИ МНОГУ

**ТОЧНО** Внатрешната ревизија го открива недостатокот на процедури и помага за откривање на неекономично, неефикасно и ненаменско трошење на јавните ресурси. Ова резултира во значителна заштеда на средства.

# КАКО

## ЈАС ЌЕ ИМАМ КОРИСТ ОД ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА?

Внатрешната ревизија ќе ја зголеми успешноста во мојата општина, затоа што ми помага да обезбедам квалитет и ефикасност на услугите.







## КАКО РЕЗУЛТАТ НА АКТИВНОСТИТЕ НА ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА, МОИТЕ ПОСТИГНУВАЊА КАКО ГРАДОНАЧАЛНИК ЌЕ БИДАТ ЗНАЧИТЕЛНИ

*Бидејќи*

Препораките на внатрешната ревизија ќе ми овозможат да ги минимизирам ризиците и да донесувам подобри одлуки, кои ќе резултираат во долгорочни придобивки за мојата општина.

**ПОГРЕШНО** ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА ЌЕ СЕ ФОКУСИРА НА НЕГАТИВНИТЕ АСПЕКТИ

**ТОЧНО** Внатрешната ревизија се фокусира на различни аспекти од работата на општината и се стреми кон подобрување на секојдневната работа.

# ГЛАВНИ ПРИДОБИВКИ ОД ВНАТРЕШНАТА РЕВИЗИЈА:

- Внатрешната ревизија Ви помага да управувате со ресурсите во Вашата општина
- Подобрувањето на процесите преку внатрешната ревизија ќе резултира во заштеди и спречување на загуби
- Внатрешната ревизија е еден од предусловите за вашата општина да добива средства од регионалните фондови на Европската унија кога земјата ќе добие статус на кандидат

---

## Успешната политика бара постојана контрола на квалитетот

## Внатрешната ревизија Ви ги дава инструментите за тоа

---

Проект финансиран од ЕУ и раководен од Европската агенција за реконструкција

SOFRECO